


КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО

**ИДНИНАТА, ДЕНЕС!**

www.kbprvo.com.mk

## СЕПТЕМВРИ 2024

# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА ФИНАНСИСКИ ДВИЖЕЊА

# ГЛАВНИ ДВИЖЕЊА НА СВЕТСКИТЕ ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ НА КАПИТАЛ

Светската економија и изминатиот месец беше во фаза на стабилизирање, и се карактеризираше со намалување на стапките на инфлација, а притоа невработеноста е сè уште на ниско ниво. Како предизвици во наредниот период се јавуваат геополитичките тензии, воените конфликти и потенцијалните проблеми во синџирот на снабдување. Глобалниот индекс MSCI ACWI во септември оствари раст од 2,17%. Од регионалните индекси, со најголем принос од 6,45% се карактеризира MSCI Emerging Market индексот каде се опфатени брзорастечките економии, пред сè како ефект од позитивните случувања во кинеската економија. Спротивно на ова е европскиот индекс STOXX 600 кој се соочи со пад од 0,41% поради ризиците со кои сериозно се соочуваат европските држави. Следено од почетокот на годината, со најголем пораст останува американскиот индекс S&P 500 изнесувајќи значителни 20,81%, додека STOXX 600 со најмал принос од останатите кој изнесува 9,17%.




MSCI Asia – Pacific – Индекс кој ги следи движењата на акциите во 13 земји од регионот Азија – Пацифик
MSCI Emerging Market – Индекс кој ги следи движењата на акциите во 25 земји во развој
STOXX 600 – Европски индекс на акции (котираат во 17 европски држави)
S&P 500 – Индекс на акции на 500 американски компании со најголема пазарна капитализација
MSCI ACWI – Светски индекс на акции кој ги следи цените на акциите во 47 држави

*Извор: Блумберг*




Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)(02) 3224 229, www.mapas.mk

# ДВИЖЕЊЕ НА МБИ 10 ИНДЕКСОТ



Македонскиот берзански индекс МБИ 10 го заврши изминатиот месец со принос од 2,33% и од почетокот на оваа година достигна значителни 43,53%. Со најголем месечен раст од акциите компоненти на индексот е Гранит со раст од 15,76%, додека банките кои претходно го предводеа растот, во текот на овој месец не забележаа поголеми поместувања. Сепак, со најслаб перформанс беше Макпетрол чија вредност на акции се намали за 2,35%. Од почетокот на годината сите акции имаат значителен раст, а најмногу се издвојуваат Македонијатурист чија вредност се зголеми за 78,04% и Комерцијална банка со 69,28%.




*Извор: Блумберг*

**ИДНИНАТА, ДЕНЕС!**
www.kbprvo.com.mk

# ДВИЖЕЊА НА ПРИНОСИ НА ОБВРЗНИЦИ

Во иста насока како намалувањето на инфлацијата и кратењето на основните каматни стапки од страна на централните банки низ светот, беше и движењето на приносите на пазарот на државни обврзници кои забележаа намалување во повеќето економии. Сепак, новите ризици кои произлегуваат од војната на Блискиот Исток, може да предизвикаат одредени шокови во периодот кој следи. На крајот од месецот, највисок принос од анализираните обврзници има македонската обврзница кој изнесува 4,96%, додека најмала стапка на принос има швајцарската обврзница, кој изнесува 0,41%

**Движење на стапки на принос на десетгодишни државни обврзници**

*** Приносот се однесува на еврообврзница со датум на доспевање 03.10.2028**




*Извор: Блумберг*

**ИДНИНАТА, ДЕНЕС!**
www.kbprvo.com.mk

# ДВИЖЕЊА НА ДЕВИЗНИТЕ ПАЗАРИ

Движењата на девизниот пазар во текот на септември главно беа водени од монетарните политики на земјите и случувањата во светот. Во однос на еврото (EUR), поголемиот дел од валутите оствarија пораст од кои најмногу се издвои австралискиот долар (AUD) со 1,39%, а потоа и британската фунта (GBP) и јапонскиот јен (JPY). Од друга страна, најголем пад бележи руската рубља (RUB) од 3%, а со тоа има и најголем пад споредено со еврото од почетокот на оваа година. Дополнително, пад во изминатиот месец оствари и американскиот долар (USD) и швајцарскиот франк (CHF) од 0,77% и 0,25%, соодветно.

## Движење на светските валути во однос на еврото (EUR)




Септември

Јан - Сеп

*Извор: Блумберг*

Лектор: Каролина Накова